**Димитар Богов**

# Мали или големи?

*Во отсуство на поволни кредити, малите претпријатија својот раст го финансираат со неплаќање на обврските кон деловните партнери*

Средните и големи нефинансиски претпријатија учествуваат со помалку од 2% во вкупниот број на нефинансиски претпријатија во Република Македонија, а истовремено во нив работат 63% од вработените во нефинансискиот сектор. Најголем дел од нив егзистираа како општествени претпријатија во социјалистичкиот економски систем кои во процесот на транзиција преминаа во приватна сопственост.

Наспроти нив, малите претпријатија воглавно се нови економски субјекти кои се појавија во последните десет години. Во 1999 година, во просек вработуваа 3,4 вработени (наспроти 316 во средните и големи претпријатија), а најголем дел од нив имаа само еден вработен. И додека средните и големи претпријатија настанати во социјализмот стагнираат, а многу од нив банкротираат, малите претпријатија се карактеризираат со динамичен раст. Во првите години на транзицијата нивниот број брзо се зголемуваше, а во последните неколку години бројот на мали претпријатија стагнира но нивниот капитал продолжува да расте со високи стапки. Секако, тоа говори за една квалитативна промена. Наспроти основањето на мали трговски претпријатија со минимален капитал во првите години на транзицијата, во последните години тие се повеќе се од преработувачката индустрија и информатичките услуги каде е потребно и вложување на поголем капитал.

## Структура на средствата

Иако на прв поглед се чини дека средните и големи претпријатија располагаат со далеку поголеми средства од малите претпријатија, структурната анализа открива дека 40% од средствата претставуваат земја, шуми и градежни објекти кои во најголем дел се непродуктивни средства. Опремата претставува само 6% од вкупните средства, а нејзината амортизираност изнесува 80% (во индустријата амортизираноста е близу 90%), наспроти малите претпријатија кои имаат релативно нова опрема со 30% амортизираност. Оттука, воопшто не изненадува што малите претпријатија учествуваат со повеќе од 40% во приходите на нефинансискиот сектор. Најголем дел, скоро две третини од средствата на малите претпријатија претставуваат тековните средства каде што доминираат залихите. Ова е логично ако се има предвид дека кај малите претпријатија доминира трговијата, наспроти доминантната улога на индустријата кај средните и големите претпријатија. Сепак, во последните години се забележува динамичен раст на инвестициите во машини, опрема и згради. Па така, во 1999 година, зградите и опремата на малите претпријатија пораснаа

со стапка од 35% во однос на претходната година, што е далеку повеќе од пет процентниот пораст на истата ставка кај средните и големи претпријатија.

**Структура на обврските и капиталот**

Изворите на средства на средните и големите претпријатија во најголем дел потекнуваат од акционерскиот капитал. Поради тоа, тие имаат прилично низок коефициент на финансиски левериџ (Обврски плус обични акции на сопственикот/Акционерски влог на крајот на периодот) од 1,9. Меѓутоа, ваквата состојба не е резултат на некоја посебна деловна политика на средните и големи претпријатија за финансирање на својот развој со докапитализација, туку е резултат на приватизацијата. Имено, во процесот на приватизација, голем дел од капиталот е купен со големи дисконти од страна на вработените, менаџерските тимови, или од надворешни купувачи, а еден дел е распределен без надомест на Фондот за Пензиско и Инвалидско Осигурување. Еден голем дел од капиталот на оваа група претпријатија се уште е во рацете на државата чекајќи да најде купувач. Од ова може да се заклучи дека постои огромна разлика меѓу книговодствената и пазарната вредност на капиталот на средните и големи претпријатија.

Малите претпријатија имаат далеку поголем коефициент на финансиски левериџ (3,5 во 1998 и 3,2 во 1999 година) кој сепак има намалувачка тенденција. Во почетниот период на транзицијата малите претпријатија се основаа со многу мал сопствен капитал, а нивното финансирање базираше на краткорочното финансирање од деловните партнери. Имено, банкарските кредити во целиот транзиционен период се исклучително скапи, а во услови на рестритивна кредитно монетарна политика и непреструктуиран банкарски сектор, малите претпријатија беа буквално истиснувани од страна на големите претпријатија со долгогодишни деловни и лични врски со македонските банки. Ситуацијата се менува во последните години со појавувањето на банкарскиот пазар на бројни странски кредитни линии наменети исклучиво за малите претпријатија поради што доаѓа до поголемо и полесно активирање на сопствениот капитал на претприемачите.

**Фризирани извештаи**

Мошне интересно е што двете групи на претпријатија бележат негативна акумулирана добивка. И додека за средните и големи претпријатија тоа е сосема логично бидејќи голем дел од нив во транзицијата не успеаја да се преструктуираат според новите пазарни услови, за малите претпријатија тоа е изненадувачко и збунувачко. Сметаме дека постојат две причини кои можат да ја објаснат негативната акумулирана добивка на малите претпријатија; прво, бидејќи во најголем дел се работи за семејни фирми, претприемачите преку најразлични книговодствени операции вршат прелевање и трансформација на капиталот од фирмата како правно лице на себе како физичко лице; и второ, поради таквата практика, а и со цел да се избегне оданочувањето кај малите претпријатија е особено изразено фризирањето на билансот на успех.

Во Република Македонија на сцена е еден исклучително динамичен процес на развој на малите претпријатија кои бележат висок пораст на средствата. Ваквата тенденција се очекува да доведе до тоа се поголем број мали претпријатија во својот раст да преминуваат во средни и големи. Тоа е исклучително поволен и пожелен процес, бидејќи досегашното искуство покажува дека заздравувањето на македонската економија и постигнувањето на одржлив раст не може да биде иницирано од непреструктуираните, и неефикасни средни и големи претпријатија со застарена технологија и амортизирана опрема.

Позитивното искуство од посебните кредитни линии за мали претпријатија (во услови кога редовните банкарски камати се неоправдано високи како последица на непреструктуираниот банкарски сектор), треба да биде продолжено и засилено. Државата од своја страна треба да го помогне растот на малите претпријатија со отворање на странските пазари за македонски стоки и создавање на поволна информациона и консалтинг инфраструктура.

Според Законот за сметководство, мали претпријатија се оние кои во секоја од последните две пресметковни години, односно во првата година од работењето задоволиле најмалку два од следните три критериуми:
-просечниот број на работници врз основа на бројот на часови на работа да е до 50 работници;
годишниот приход да е помал од 8000 просечни месечни бруто плати по работник во нефинансиските претпријатија;
-просечната вредност (просек од почетокот и крајот на годината) на средствата во билансот на состојба да е помала од 6000 просечни месечни бруто плати по работник во нефинансиските претпријатија;